Македонските вина успешно презентирани на саемот ProWien во Германија

Со поддршка на АгБиз програмата на УСАИД, три македонски винарии *Бовин, Сковин* и *Попова Кула*, учествуваа на најзначајната саемска манифестација за вино во Европа. На саемот учествуваа излагачи од над 40 земји, а во текот на трите дена повеќе од 33 илјади посетители, производители, импортери, дистрибутери, експерти и љубители на вино имаа можност да бидат дел од овој голем интернационален настан.
Сите оние, меѓу кои и врвни познавачи на вино, кои имаа можност да ги дегустираат производите на *Бовин, Сковин* и *Попова Кула* беа изненадени од високиот квалитет и софистицираност на овие македонски вина. Вината беа на исто рамниште со некои од најпродаваните вина во категоријата. Од посебен интерес беше *Вранецот* како сорта која нуди врвни резултати и нуди нешто ново за се попребирливите потрошувачи. Секако ова е резултат на еден сериозен пристап на овие три винарии, следејќи ги светските стандарди и технологии во производството на квалитетни вина.
АгБиз програмата на УСАИД ќе им помогне на излагачите на македонските вина да го искористат знаењето и искуството за продажба постигнато на ProWein, и ќе продолжи да обезбедува поддршка за што поуспешна презентација на македонско квалитетно вино и да се залага за зголемување на извозот на вино во шишиња на регионалниот и европскиот пазар.